Коста АЦИЕВСКИ

# ИМОТИТЕ НА МАНАСТИРОТ ТРЕСКАВЕЦ НАДВОР ОД ПЕЛАГОНИЈА (идентификација и лоцирање)

Пелагонискиот манастир Успение на Богородица - Трескавец се вбројува меѓу најпознатите македонски манастири во средниот век. Се наоѓа во Северна Пелагонија, под самиот врв Златоврв и има, без сомнение, една од најубавите местоположби на македонските средновековни манастири, со прекрасен поглед на Пелагониската рамнина. Според сегашните состојби во науката, не може точно да се одреди времето на неговото основање. Се знае, единствено, дека егзистирал и во XIII век, додека својот најголем расцут го достигнал во втората четвртина на XIV век.[1]

Брзиот растеж на манастирот во XIV век бил тесно поврзан со црковната политика на српскиот крал Стефан Душан. Имено, како што е познато, за остварувањето на грандиозните планови, чија крајна цел била освојувањето на Цариград и создавање на српско - грчко царство, Душан бил принуден да ја обезбеди поддршката на црквата. Во таа смисла, на црквите и манастирите, што ги затекнал на освоените територии во Македонија, српскиот владетел им ги потврдувал старите имоти и привилегии, но исто така, обилно ги дарувал и со нови имоти, настојувајќи, на тој начин, да ја придобие нивната наклонетост.

Манастирот Трескавец спаѓа меѓу оние македонски манастири кои посебно ја почуствувале дарежливоста на Стефан Душан. Во време од само десетина години (1334 - 1345), кралот Душан му подарил на манастирот три грамоти, со кои му ги потврдил старите и му подарил многу нови имоти во Пелагонија и во околните предели.

Најголемиот дел од имотите на манастирот Трескавец се наоѓале во Пелагонија, што е сосема разбирливо со оглед на неговата локација. Во

---

[1] За овој познат македонски манастир сп. В. Марковић, Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији, Сремски Карловци 1920, 86 сл.; Г. Трайчев, Манастирите в Македония, София 1933, 143-153; Б. Бабиќ, Манастирот Трескавец со црквата Св. Успение Богородично, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. IV, Скопје 1981, 37-52.

Пелагониската рамнина манастирот поседувал многу села, селишта и други имотно-правни објекти (ниви, воденици, ливади, лозја, стасови и сл.), расфрлени низ пелагониските села, лоцирани, главно, во северниот, а нешто помалку во јужниот дел на рамнината.[2]

Освен во Пелагонија, манастирот Трескавец имал имоти и во соседните, а и во подалечните предели. Со трите грамоти, од кои, Првата била издадена во 1334/35 година, Втората, кон крајот на 1343 или во почетокот на 1344 година, и Третата во 1344/45 година,[3] Душан му подарил на манастирот бројни имоти во: Преспа, Велешко, Порече, Демир Хисар, Полог, Охрид и во Раец. За да се заокружат и комплетираат сознанијата за имотите на манастирот Трескавец, ќе се обидеме да ги идентификуваме и лоцираме селата, селиштата и другите имоти, што ги поседувал манастирот во споменатите подрачја.

## Преспа

Според повелбите на кралот Стефан Душан, манастирот Трескавец во првата половина на XIV век во Преспа ги поседувал следните имотно - правни објекти:

РЕСЕН (в Рѣснѣ, ѵ Ресиѣ). Денешниот истоимен град се наоѓа околу 30 км западно од Битола и 8 км северно од Преспанското Езеро, на патот за Охрид. Се наведува во Втората и Третата грамота на манастирот Трескавец. Според Втората грамота, манастирот во Ресен го поседувал стасот Компсарина, со површина од 100 кабли (Стась в Рѣснѣ Комьпсарина.... каблома р҃).[4] Истиот имот се наведува и во Третата грамота.[5]

НИВИЦИ (вь Нивицах). Очигледно, станува збор за денешното село Нивици (Псарадес), што се наоѓа на јужниот брег на Преспанското Езеро. Се наведува само во Втората грамота на манастирот Трескавец, каде што прецизно се лоцира “во Преспа”. Во Нивици манастирот поседувал двајца рибари, Амартол и Добре, што претходно му ги дал некој

---

[2] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век. Скопје 1994, 188-204.

[3] За датирањето на грамотите сп. Л. Славева - В. Мошин, Грамотите на Стефан Душан на манастирот Трескавец , Споменици, IV, 76, 101, 108 сл., со најважната литература во врска со ова прашање.

[4] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 123, § 82.

[5] “Стась ѵ Ресиѣ Компсарина каблом р҃” (Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 148, §58). Cf. V. Kravari, Villes et villages de Macédoine occidentale, Paris 1989, 373sq. Колку што ни е познато, ова е прво и единствено споменување на Ресен во познатите средновековни извори. Во грамотите нема податоци за неговиот статус, односно, не се знае дали бил селиште, село или нешто друго. Меѓутоа, имал прекрасна положба - се наоѓал на главната траса на Виа Егнатија и на комуникацијата што врвела за Девол и Корча - што во голема мера влијаело на неговиот средновековен и подоцнешен развиток.

византиски цар, "со сите правини" (Рибарије вь Прѣспѣ вь Нивицах именемь Амартол и Добре,що придаде царь, сь всѣми правинами). [6]

НАКОЛЕЦ (оу Накольцехь, Накольць). Истоименото денешно село се наоѓа на самиот брег на Преспанското Езеро, во близината на Љубојно. Се наведува во Втората и Третата грамота. Според Втората грамота, кралот Душан му го подарува на манастирот Трескавец, во Преспа, во Наколец, рибарот Сопрст со браќата, роднините и ловиштето. Имотот се подарувал "со сите правини" (Рибарь оу Прѣспѣ що придаде краль, оу Накольцехь именемь Сопрьсть сь братиıами, сь родомь моу, сь ловищемь, сь всѣми правинами).[7]

Според Третата грамота, ловиштето Наколец, во Преспа, се подарува заедно со: рибарите, реката, нивите, градината, овошките и ловиштата. Притоа, повторно се наведува рибарот Сопрст со браќата и роднините, но исто така и рибарите Амартол и Добре, кои во Втората грамота, како што видовме, беа наведени во Нивици. На крајот, се нагласува дека овој имот на манастирот Трескавец му го подариле "царевите" односно, неименуваниот византиски цар и кралот Стефан Душан. [8]

ЉУБОЈНО (оу Любоинѣ). Селото Љубојно се наоѓа на источниот брег на Преспанското Езеро, околу 25 км југоисточно од Ресен. Се наведува само во Втората грамота на манастирот Трескавец. Според оваа грамота, манастирот во Преспа, во Љубојно, го поседувал метохот Свети Никола, што претходно, "со сите правини", му го дарувал архиепископот Никола, (Метохь оу Прѣспѣ оу Любоинѣ, Светы Никола, що придаде Никола архиепискоупь, сь всѣми правинами).[9]

Според Првата грамота на кралот Стефан Душан, на манастирот Трескавец му се подаруваат две ловишта во Преспа, кои не се попрецизно

---

[6] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 123, § 83. Сп. Т. Томоски, Преспа во средниот век, Историја, XV/2, Скопје 1979, 78; V. Kravari, o.c., 369; В. Пјанка, Топономастика на Охридско-преспанскиот базен, Скопје, 1970, 142. Неименуваниот византиски цар можел да биде Андроник II или Андроник III, бидејќи во времето на издавањето на Втората, а и на Третата грамота (1344/5 година), каде што се споменуваат во Наколец, рибарите Амартол и Добре сеуште биле живи

[7] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 123, § 83. Сп. Т. Томоски, Преспа, 79; V. Kravari, o.c., 368; В. Пјанка, Топономастика, 132.

[8] "Ловище у Прѣспѣ Накольць с рибари, с рѣком, с нивиемь, з градиномь, овощїем, с ловищи; имена рыбаремь Сопрьсть з братиωмь и с родомь моу и рыбарь Амартоль и Добре, що придаще царие" (Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 147, § 34).

[9] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 125, чл. 89. Сп. М. Пурковиќ, Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског филозофског факултета, IV, 2 (1939-1940), 115; Т. Томоски, Преспа, 79; V. Kravari, o.c., 366; В. Пјанка, Топономастика, 133. Архиепископот Никола стоел на чело на Охридската архиепископија во времето на Стефан Душан, а можеби и пред тоа. Cf. H. Gelzer, Der Patrijarchat von Achrida. Geschichte und Urkunden, Leipzig 1902, p. 14sq. И. Снегаров, История на Охридската архиепископия, т. 1, София 1995, 340 сл. (фототипно издание).

дефинирани (оу Прѣспѣ двѣ ловищи).[10] Поради тоа, не е можно прецизно да се определи за кои ловишта станува збор, односно, дали се работи за нови ловишта, што ги добивал манастирот, или се во прашање ловиштата во Нивици и Наколец, што се наведуваат како манастирски имоти во Втората и Третата грамота.

## Велешко

Манастирот Трескавец, по Пелагонија, најмногу имоти имал во Велешката област. Неговите имоти во Велешко главно биле лоцирани во југозападните предели на областа, поточно, во подрачјето на Бабуна. Според трите грамоти на српскиот крал, манастирот во Велешката област поседувал еден комплекс од имоти, што го сочинувале неколку села и селишта, заедно со луѓето и нивните имоти (ниви, лозја, цркви, стасови, воденици, периволи, градини и др.).

Според трите грамоти на Стефан Душан, манастирот Трескавец во Велешко ги поседувал следните имотно-правни објекти:

ВЛЧЈЕ (Вльчье, Вльчинե, Влчие). Се наведува во Првата грамота како селиште, кое се наоѓало "во Бабуна", а го населил "светиот крал", односно, кралот Милутин. Селиштето Влчје му се подарувало на манастирот Трескавец со луѓето, нивите, планините и со сите правини (Селище Вльчье, що е населиль светии краль, сь людми и сь нивиемь и сь планинами и сь всѣми правинами оу Бабоунѣ).[11]

Во Втората и Третата грамота Влчје се наведува како село, што говори за неговата забрзана еволуција. Притоа, во Втората грамота повторно се нагласува дека го населил "светиот крал". Селото му се подарува на Трескавец "сь людми, сь планинами, сѣнокосомь и сь всеми правинами", а веднаш потоа детално се опишуваат селските меѓи.[12] Во Третата грамота не се наведуваат селските имоти, туку се дава само детален опис на меѓите на селскиот атар. Притоа, со мали исклучоци, описот е речиси идентичен со оној од Втората грамота.[13]

Описите на меѓите на селскиот атар се многу важни, бидејќи даваат интересни податоци за регионалната микротопонимија. Во описите на селските меѓи во Втората и Третата грамота се наведуваат следните топоними: Љубохнин (Љубвски) Дол, Јесиков Дол, Пеклишта, Мислов Врв (Мисловрв), Мали Корита, Попадија, Љубовштица, Влчевска Река (Влчевштица), Мужиц и Заград. Најголем дел од наведените топоними се

[10] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 85, §18.
[11] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 83, § 14.
[12] Ibid., 120, § 58
[13] Ibid., 147, § 32

срекаваат во двете грамоти, додека еден помал дел се срекава само во едната или само во другата грамота.

Селото Влчје не е сочувано. Денес, во областа на Бабуна не постои село со тоа име. Според податоците со кои располагаме, не е можно ниту да се идентификува, ниту пак прецизно да се одреди неговата локација. Колку што ни е познато, единствено В. Кравари се обидела да го идентификува и прецизно да го лоцира. Според нејзините сознанија, станува збор за денешното село Волче во Поречката област, на источните падини на Сува Гора, на околу 29 км североисточно од Кичево.[14] Меѓутоа, податоците од Првата Душанова грамота ја оспоруваат предложената идентификација и локација на селото Влчје во Порече. Имено, таму, како што веќе видовме, точно се прецизира дека селиштето Влчје се наоѓало "во Бабуна".

Селото Влчје би требало да се бара во областа Бабуна, која во средниот век ги зафаќала не само планината и реката со истото име, туку и поширокото подрачје, со поречјето на реката Тополка и деловите од планините Јакупица и Даутица, што гравитираат кон реките Бабуна и Тополка.

ХОМОРАНИ (Хоморани, Хоморѣне). Нема сомнение дека Хоморани е истоветно со денешното село Оморани, на Црнушка Река, околу 6 км југоисточно од селото Теово. Селото се наоѓало на многу важна комуникација, која ја поврзувала Пелагонија со Велешката и Скопската област. Се наведува во трите грамоти на кралот Стефан Душан. Во Првата како селиште, а во Втората и Третата како село.

Во Првата грамота, пустото селиште Хоморани (Селище поусто Хоморани), се наведува заедно со пустото селиште Техово. Притоа, се дава и детален опис на меѓите на двете селишта.[15]

Во Втората грамота, селото Хоморани, во Бабуна, му се подарувало на манастирот Трескавец заедно со заселците и со Техово (Село оу Боубоунѣ Хоморѣне и ꙁаселькы и с Тѣховомь), а потоа се дава подробен опис на границите на селската територија.[16]

Описот на селските меѓи во Втората грамота е, речиси, наполно идентичен со оној од Првата грамота, со исклучок на неколку локалитети, кои не се наведени во Првата грамота.

Во Третата грамота, селото Хоморани му се подарува на манастирот Трескавец заедно со црквата Св. Атанасие, со воденицата, градината, периволот и со "сите правини", заедно со Небрегово ("Село Хоморани и

---

[14] V. Kravari, o.c., 348.

[15] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 83, § 15. Сп. М. Пурковиќ, o.c., 153; V. Kravari, o.c., 266sq.

[16] Ibid., 119-120, § 52.

црькvь Светыи Аѳанасїе с воденицωмь и градинωмь и с пеливоромь и сь всѣми правинами, ѕаедно с Небрѣговомь").[17]

Описите на селските меѓи даваат многу интересни податоци за локалната и регионалната топонимија. Во Првата и Втората грамота се наведуваат, вкупно, петнаесет локалитети. Притоа, најголемиот дел се идентични, но има и локалитети кои се наведуваат само во Првата или само во Втората грамота. Во описите на селските меѓи се наведуваат следните лолкалитети: Царев Кладенец (Царев Студенец), Црвена Вода (Крвава Вода), Лукавица (Лупавица), Мрамор, Рујен[18], Долна Клисура Хоморанска, Љут, Света Варвара, Простица[19], Карпас[20], Братонска Планина, Црнуш, Мечја Стена, Бутин и Скрк.

ТЕХОВО (Техово, с Тѣховомь). Без сомнение денешното село Теово, на реката Бабуна, северозападно од Оморани. Се наведува само во Првата и Втората грамота, заедно со Хоморани.

Во Првата грамота се наведува како пусто селиште (селище поусто Техово), заедно со пустото селиште Хоморани. Притоа, се дава опис на границите на атарот на двете селишта.[21]

Во Втората грамота, Техово се наведува меѓу териториите што влегувале во составот на атарот на селото Хоморани.[22]

БОГОМИЛА (оу Богомилѣхь, у Богомили). Истоименото денешно село, без сомнение, најпозната населба во поречјето на Бабуна, се наоѓа околу 29 км југозападно од Велес, во близина на Теово. Се споменува само во Втората и Третата грамота.

Според Втората грамота, во Богомила на манастирот Трескавец му се подарува стасот на Сидропсај со лозјата, воденицата, периволот и со планината ("Стась оу Богомилѣхь Сидроѱаıева сь винограды, сь водѣницоу, с периволемь и сь планиноу").[23]

Истиот имот се наведува и во Третата грамота. Притоа, Богомила прецизно се лоцира "во Бабуна", а во составот на манастирскиот имот, покрај лозја и воденици, се наведуваат и ниви и овошки и посебно се

[17] Ibid., 149 § 62.

[18] Оронимот Рујан (866 м) се наоѓа помеѓу Извор и Поменово. Види карта, Секција Скопје 4, размер 1:50 000, издание на Војногеографскиот Институт од Белград, делумно дополнето во 1965 година.

[19] Во непосредна близина на селото Мелница, јужно од него, постои хидроним Просничка Река, кој би можел да се поврзе со нашиот топоним (Види ја истата карта како во претходната белешка).

[20] Јужно од селото Теово постои топоним со истото име. Види карта, секција Скопје 3, размер 1:50 000, изд. на Војногеографскиот Институт од Белград, дополнето во 1954 год.

[21] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 83, § 15. Сп. М. Пурковиќ, о.с., 147; V. Kravari, o.c., 340.

[22] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 119, § 52.

[23] Ibid., 120, .§53

нагласува дека имотот се дава со сите права (Ꙋ Богомили в Бабоунѣ стась Сидрофаевоꙋ с нивиемь, с винограды, с водѣничиемь, и с ѡвоштиемь и сь всомь правїномь).[24]

ОРЕХОВ ДОЛ (ОРАХОВ) ДОЛ (Ѡрѣхова Доло, Орахова Дола). Станува збор, без сомнение, за денешното село Ораов (Ореов) Дол, на реката Кадиица, јужно од Теово, близу до селото Габровник. Се наведува во Втората и Третата грамота. Според Втората грамота, Орехов Дол, со целата своја "правина", претставувал дел од територијата на селото Хоморани,[25] а според Третата грамота, влегувал во составот на атарот на пелагониското село Небрегово.[26]

СОГЛЕ (ꙋ Согле). Денешното истоимено село се наоѓа на реката Бабуна, околу 6,5 км источно од Богомила и 2 км западно од Теово. Се наведува само во Третата грамота на манастирот Трескавец. Согле, според оваа грамота, влегувало во атарот на селото Небрегово.[27]

Манастирот Трескавец во Велешко поседувал и еден имот, кој не е попрецизно именуван, ниту пак лоциран. Имотот му бил даден на манастирот со Првата грамота, се наоѓал во Бабуна, а се состоел од стас, воденица, перивол и лозје (Оꙋ Бабоунѣ стась и водѣница и периволь и виноградь).[28]

Овој неименуван имот во Бабуна не може да се идентификува и прецизно да се лоцира. Во историографијата најчесто се поистоветува со стасот на Сидропсај во Богомила,[29] што се споменува во Втората и Третата грамота. Меѓутоа, ваквото мислење, се чини, не би можело сосема да се прифати. Имено, стасот на Сидропсај, како што видовме, го сочинувал целокупниот имот на манастирот Трескавец во Богомила, којшто се состоел од ниви, лозја, воденици, перивол, планина и овошки. Од друга страна, неименуваниот стас од Првата грамота претставувал само дел од манастирскиот имот во Бабуна, кој се состоел уште и од воденица, перивол и лозје.

**Порече**

МАНАСТИРЕЦ (Манастирць, Манастирць). Денешното истоимено село се наоѓа на левиот брег на Треска, помеѓу Тополница и Могилец. Средновековната населба, по сé изгледа, се наоѓала на

---

[24] Ibid., 145, §16. Cf. V. Kravari, o.c., 240.

[25] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 120, § 52; 145, § 14. Cf. V. Kravari, o.c.,308

[27] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 145, § 14. Сп. М. Пурковиќ, о.с., 142; V. Kravari, o.c., 332.

[28] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 85, § 20.

[29] Ibid., 85 бел. 26 (Л. Славева - В. Мошин); V. Kravari, o.c.,240.

локалитетот “Старо Село”, североисточно од манастирот Св. Богородица. Се споменува како метох во трите грамоти на Стефан Душан.

Според Првата грамота, манастирот Трескавец во Порече го поседувал метохот Манастирец со луѓето, лозјата, нивите, купениците и со задушнината (Метохь оу Порѣчи Манастирць, сь людми и сь винограды и сь нивиѥм и сь коупеницами, и ȥадоушнина що се находи).[30]

Во Втората грамота е евидентиран истиот имот, во малку поинаков состав и во значително проширен обем. Имено, покрај името на црквата Св. Богородица,[31] во составот на метохот се наведуваат планини, а исто така и Видуш и Мел.[32] Притоа се нагласува дека метохот се подарува со “сите правини” (Метохь оу Порѣчи Манастирць, Света Богородица, с людми, сь нивиѥм, сь винограды и сь планинами, и сь Видоушемь и сь Мѣломь, и сь всѣми правинами).[33]

Според Третата грамота, метохот Манастирец во Порече му се подарува на манастирот со нивите, со Видуш, со селиштето Птици, со рудата (рудникот) и со планината. Сето тоа, на Трескавец му се подарувало, како што се нагласува на крајот од грамотата, “со сите правини” (Метохь у Порѣчи Манастирць, с нивиѥм, с Видоушемь и сь селищемь Птичемь и с роудомь и с планиномь и сь всѣми правинами).[34]

МОГИЛИЦА (Могилица, Могылица,). Станува збор, без сомнение, за денешното село Могилец, помеѓу Треска и Мала Река, југозападно од Калуѓерец. Се споменува во трите грамоти на манастирот Трескавец.

Според Првата грамота, манастирот ја добил “И Могилица ȥаедно сь планиномь и сь нивиѥм”.[35] Во Втората грамота, Могилица се наведува како селиште и подетално се опишува манастирскиот имот. Покрај ниви, сега во неговиот состав се наведуваат и луѓе, лозја, воденици и перивол. На крајот се нагласува дека имотот се подарува “со сите правини” (Селище Могылица, сь людми, сь нивиѥм, сь винограды, сь водѣнициѥм,

---

[30] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 81, § 10. Сп. П. Јовановиќ, Порече, Насеља и порекло становништва, књ. 28, Београд 1935, 317 сл.; М. Пурковиќ, о.с., 116; V. Kravari, o.c., 297.

[31] Манастирот Св. Богородица се наоѓа над Мало Село. Се смета дека по манастирот и селото го добило името Манастирец (Сп. П. Јовановиќ, Порече, 317).

[32] Оронимот Видуш се наоѓа југоисточно, над селото Драгов Дол, десно од реката Треска, додека оронимот Мел (727) се наоѓа северозападно од селото Требино, на патот за Грешница. Види карта, Секција Гостивар 4, размер 1:50 000, издание на Војногеографскиот Институт од Белград, дополнето 1953 година. Сп. П. Јовановиќ, Порече, 311 (Мел), 318 (Видуш); V. Kravari, o.c., 297(Видуш).

[33] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 120, § 54.

[34] Ibid., 146, § 29.

[35] Ibid., 82, § 11.

сь периволемь, сь всѣми правинами).[36] Во Третата грамота, сосема кратко се констатира дека селиштето Могилица се подарува со сите правини[37].

ПИТИЧ - ПТИЦИ (Питичь, Птици, Птичемь). Се наведува во трите грамоти на манастирот Трескавец. Во Првата грамота се наведува како пусто селиште, кое му се подарува на манастирот со нивите и со горота (Селище поусто Питичь сь нивиѥмь и сь горомь).[38] Во Втората грамота, селиштето Птици се подарува "сь планинами и сь всѣми правинами",[39] а во Третата грамота, селиштето Птици се наведува во составот на метохот Манастирец.[40]

Според сегашната состојба на науката, не е можно да се идентификува и прецизно да се лоцира овој имот на манастирот Трескавец во Порече.

КАЛУГЕРЕЦ (Калугерьць, Калоугеречь, Калоугиѥрьць). Денешното село Калуѓерец се наоѓа североисточно од Могилец, помеѓу Мала Река и Треска, во близина на вливот на овие две реки. Се наведува како селиште во трите грамоти на Трескавец. Според Првата грамота, пустото селиште Калугерец, купеница од Пасарел, му се подарувало на манастирот Трескавец со нивите, шумата и планината (Селище поусто Калугерьць, що ѥ коупеница Пасарелова, сь нивиѥмь и сь доубравомь и сь планином).[41]

Во Втората грамота, содржината на манастирскиот имот е нешто изменета и проширена. Селиштето Калугерец, купеница од Пасарел, се подарува со периволот, ридот, водата и со сите правини (Селище Калоугеречь`, коупеница Пасарелова, сь периволемь и сь брьдомь и сь водоу, и сь всѣми правинами).[42]

Во Третата грамота нема спецификација, односно, не се наведува содржината на манастирскиот имот. Селиштето Калугерец се подарува на Трескавец со сите правини.[43]

---

[36] Ibid., 120, § 56. Сп. П. Јовановиќ, Порече, 324 сл.; М. Пурковиќ, о.с., 118 ;V. Kravari, o.c., 301.

[37] "Тоужде селище Могилица сь всеми правинами"(Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 147, § 30).

[38] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 82, § 12. Сп. М. Пурковиќ, о.с.,126, 133; V. Kravari, o.c., 315 sq.

[39] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 120, § 55.

[40] Ibid., 146 § 29.

[41] Ibid., 82, § 13. Сп. П. Јовановиќ, Порече, 323 сл.; М. Пурковиќ, о.с., 100; V. Kravari, o.c., 277 sq.

[42] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 120, § 59.

[43] "Селище Калоугиѥрьць сь всѣми правинами" (Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 147, § 31).

## Демир Хисар

ЖУРЧЕ (Жоурьче, Жоурче). Денешното истоимено село се наоѓа северно од Демир Хисар, на патот кон Крушево. Се наведува само во Првата и Третата грамота на манастирот Трескавец. Во Првата грамота, се наведува како селиште, а во Третата како село.

Според Првата грамота, манастирот Трескавец добил половина од селиштето Журче, односно, половина од нивите, од ридот (планината) и од полето (Селище Жоурьче, ѡдь него половина, и одь нивиа и ѡдь полꙗ половина и ѡдь брьда).[44]

Во Третата грамота се дава подетален опис на содржината на манастирскиот имот во Журче. Имено, се нагласува дека во селото Журче се подарува имотот што порано им припаѓал на Цклер и Мадарак, а потоа се дава негов опис: ниви, лозја, воденици и рид (планина). Имотот се подарувал "со сите правини" (Село Жоурче, Цклеревь и Мадаракевь дѣль, с нивиємь, с виногради, с млини, ꙁ брьдомь, сь всомь правиномь).[45]

## Полог

Манастирот Трескавец поседувал еден помал комплекс имоти и во Полошката област, поточно, во Долнополошкиот регион. Според трите грамоти на кралот Стефан Душан, во Полог се регистрирани следните имотно-правни објекти:

КРПЕН(О) (Крьпень, Крпено). Се споменува во трите грамоти на манастирот Трескавец. Во Првата грамота се наведува како метох, а во Втората и Третата како село.

Според Првата грамота, манастирот го поседувал метохот Крпен со водеництие, лозјата, нивите и планините, со сите правини. Овој имот на манастирот му го приложил за душа "светопочившиот" крал (Оу Полоꙁѣ метохь Крьпень сь водѣничьѥмь и сь виногради и сь нивиѥм и сь планинами и сь вьсѣми правинами ѥго, що приложи светопочившии краль ꙁа доушоу си).[46]

Во Втората грамота, на манастирот му се подарува селото Крпен(о), што се наоѓало "вь Полоꙁе", поточно, метохот Свети Никола, прилог на "светиот" крал, заедно со нивите, лозјата, водениците и реката. Покрај тоа, манастирскиот имот опфаќал исто така и две бразди (на кир Маноил и на Десил), ливада, нивата Никифоровец, Луциното лозје под Храштани

[44] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 81, § 9. Сп. М. Пурковиќ, о.с., 94; V. Kravari, o.c., 355 sq.

[45] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 148, § 60.

[46] Ibid., 85, § 21. Сп. М. Пурковиќ, о.с., 107; V. Kravari, o.c., 199 sq., која го поистоветува со топонимот Крпена во Душановата грамота на Св. Богородица Хтетовска, од околу 1343 година.

со ридот (планината) и црквата што ја изградил попот Михалиц во Хтетово на Крпенско место.[47]

Според Третата грамота, селото Крпено "ү Полоѕе" му се подарува на Трескавец заедно со црквата Свети Никола, со нивите, лозјата, водениците и со браздата. Се подарува, исто така, нивата Никифовец (Никифоровец) и ливадата во Царев Кладенец. Се подарувале, веројатно, и други имоти. Меѓутоа, токму на ова место, како што констатирале издавачите на повелбата, постои голема празнина во текстот.[48]

Според сегашната состојба на науката, не е можно да се идентификува и прецизно да се лоцира метохот, односно, селото Крпен(о). Се наоѓал, најверојатно, во близината на Хтетово и на Храштани, кои се наведуваат во Втората грамота.

ХТЕТОВО (вь Хтетовѣ). Станува збор, без сомнение, за денешниот град Тетово, кој во средновековните извори се наведува под горното име. Се споменува само во Втората грамота, каде што меѓу манастирските имоти во селото Крпен(о), се наведува, како што видовме, и црквата што ја изградил попот Михалиц. Притоа, црквата прецизно се лоцира "вь Хтетовѣ" на Крпенско место.[49]

## Охрид

Според Втората и Третата грамота на кралот Стефан Душан, манастирот Трескавец имал имоти и во Охрид и неговата околина. Според Втората грамота, манастирот во Охрид го поседувал метохот Прокатимен и црквата Свети Јован Богослов, со нивите, лозјата, ловиштето, водениците и вртот. Имотот се подарувал, како што се нагласува на крајот, "со сите правини"(Метохь вь Ѡхридѣ Прокаѳимены и црковь Светы Иѡань Богословьць, с нивиюмь, сь винограды, сь ловищемь, сь млини, сь врьтомь, сь вьсѣми правинами).[50]

[47] "Село вь Полоѕе Крьпен(о), метохь Светы Никола, що приложи светы краль, сь нивиюмь, сь винограды, сь людми, сь водѣницинюмь и сь рѣкоү; бразда кирь Маноилова; бразда Десилова; ливада на Старымь Кладеньци; нива Никифоровець ѡдь Царего Кладеньца до того потока и до того и до царева дроүма кои иде ѡдь Полатиць на Биволь Бродь; Лоүцинь виноградь подь Хращаны и сь брьдомь; црьковь кою сьхтиса попь Михалиць вь Хтѣтовѣ на Крьпеньсцѣ мѣстѣ"(Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 121, § 59).

[48] "Село ү Полоѕѣ Крпено и црьквь Светыи Николае с нивиемь, с виногради, с водѣничиемь и сь брьдомь. И на Ѕалицѣ нива Никфовец: ѡть Царева Кладенца до ѡбѣю потокү и до царева дроүма кои иде ѡть Полатиць на Ѕеликоү. Тоүждере ливада ү Царева Кладенца що лю ....." (Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 147, § 33.

[49] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 121, § 59. Cf. V. Kravari, o.c., 199, која смета дека попот Михалиц бил од Тетово.

[50] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 123, § 84. Cf. V. Kravari, o.c., 358.

Истиот имот, метохот Прокатимен и црквата Јован Теолог, со нивите, лозјата, ловиштето, воденицата и вртот, се наведува и во Третата грамота на манастирот Трескавец.[51]

## Раец

БЕЛА ВОДИЦА (Бѣла Водица). Се споменува како селиште во Втората и Третата грамота на манастирот Трескавец. Според Втората грамота, манастирот го поседувал, со "сите правини", селиштето Бела Водица, што го приложил тепчијата Градислав (Селище Бѣла Водица сь всѣми правинами, що приложи тепци Градиславь).[52]

Во Третата грамота, се конкретизира, односно, подробно се опишува манастирскиот имот, без да се наведе тепчијата Градислав. Имено, селиштето Бела Водица се подарува со нивите, воденците, пасиштата и со ридот (планината). Притоа, повторно се нагласува дека имотот му се дава на манастирот со "сите правини" (Селище Бѣла Водица, с нивиемь, с млини, с пашищи, ꙁ брьдомь, сь всомь правиномь).[53]

Денешното село Беловодица се наоѓа источно од Прилеп, на северните падини на Дрен, десно од комуникацијата Прилеп - Градско, на патот што води кон Мариово.[54]

* *
*

Според трите грамоти на кралот Стефан Душан, манастирот Трескавец надвор од Пелагонија поседувал бројни имоти од најразличен карактер, и тоа: села, селишта стасови, метоси и многу други поединечни имоти расфрлени по селата и селиштата во разгледуваните подрачја. Надвор од Пелагонија, во соседните и подалечните предели, манастирот Трескавец поседувал, најчесто "со сите правини", седум села и селишта

[51] "Метохь у Охрїдѣ Прокаѳимены и црквь Иwан Ѳеологь с нивиемь, винограади, с ловищемь и сь млини, сь врьтомь и сь всѣми правинами" (Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 147, §35).

[52] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 123, § 85. Cf. V. Kravari, o.c., 235. Се смета дека тепчијата Градислав е истоветна личност со тепчијата, кој се споменува како ктитор во црквата на манастирот Трескавец, чиј портрет е насликан на источниот ѕид во јужниот простор на црквата (Сп. М. Глигоријевиќ, Сликарство тепчије Градислава у манастиру Трескавцу, Зограф 5, Београд 1974, 50; Б. Бабиќ, Манастирот Трескавец , 49). За тепчијата Градислав сп. исто така и М. Благојевиќ, Тепчије у средњовековној Србији, Босни и Хрватској, Историјски Гласник, 1-2(1976), 16 сл., бел. 38.

[53] Л. Славева - В. Мошин, Грамотите, 149, § 63.

[54] В. Радовановиќ, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књ. 17, Београд 1924, 507 - 509.

(Влчје, Хоморани, Могилица, Питич-Птици, Калугерец, Крпен(о), Беловодица) и една половина од селото Журче.

Манастирските имоти надвор од Пелагонија се состоеле, главно, во земја, но исто така и во воденици, ловишта (рибни), рибари, цркви, реки (води, бразди) и руда. Имотите често пати биле подарувани заедно со луѓето што ги работеле или пак живееле на нив.

Земјишните поседи на манастирот Трескавец се состоеле од обработливи и необработливи површини. Од обработливата земја најголем дел зафаќале нивите. Во грамотите, најчесто, се наведуваат во множина, па затоа не е можно точно да се утврди количеството, односно, бројот на нивите, што ги поседувал манастирот надвор од Пелагонија. Се знае, единствено, дека поседувал ниви во сите околни подрачја каде што имал свои имоти.

Покрај ниви, манастирот Трескавец поседувал и многу градини, каде што се одгледувал зеленчук, а исто така и овошни градини. Тие во грамотите, најчесто, се наведуваат како "овоштие", но и со грчкото име "перивол". Зеленчуковите и овошните градини имале посебно значење за манастирите. Имено, зеленчукот и овошјето (свежо или сушено) имале многу важно место во исхраната на монасите, особено, за време на постењето.[55]

Во обработливата земја, важно место завземале и лозјата, што ги поседувал манастирот во Велешко, Порече, Демир Хисар, Полог и Охридско. Лозјата биле мошне ценети во средниот век. По количество биле помалку застапени од нивите, па затоа, најверојатно, имале повисока цена, односно, биле повисоко вреднувани од нивите. Имено, цената на лозјето, при купопродажба, била околу десет пати повисока од цената на една земјишна парцела, со иста големина, од среден квалитет.[56]

Во необработливата земја, што ја поседувал манастирот Трескавец надвор од Пелагонија, најмногу биле застапени планините (брдата, шумите), а покрај нив манастирот поседувал и пасишта (Бела Водица), сенокос (Влчје) и ливада (Крпен(о)).

Планините биле користени, главно, како пасишта, меѓутоа, овој поим во средниот век понекогаш се употребувал и за означување на шумите.[57] Имено, повисоките, оголени, делови на планините се користеле како пасишта, а пониските делови под шума, се користеле за снабдување со дрво, што се употребувало како огрев, но исто така и како градежен материјал.

---

[55] М. Благојевиќ, Земљорадња у средњовековној Србији, Београд 1973, 164 сл., 171.

[56] Г. Острогорски, Византијски практици, Сабрана дела Георгија Острогорског, I, (О византијском феудализму), Београд 1969, 45.

[57] М. Благојевиќ, Планине и пашњаци у срењовековној Србији (XIII-XIV век), Историјски Гласник, 2-3(1966), 10-13.

Освен земја, манастирот Трескавец поседувал и рибни ловишта на Преспанското и Охридското Езеро. Во Преспа, ловишта имал во Наколец и Нивици, заедно со рибарите, а во Охрид поседувал едно ловиште, кое влегувало во составот на имотот на црквата Св. Јован Богослов, односно, на метохот Прокатимен.

Манастирот Трескавец поседувал и многу воденици, во сите предели каде што имал свои имоти (освен во Преспа). Нивниот број не може точно да се определи, бидејќи, како и нивите, и тие најчесто се наведуваат во множина. Големиот број воденици, што ги поседувал манастирот, сведочи, без сомнение, за степенот на развиеноста на одгледувањето житарици во пределите каде што тие се евидентирани. Водениците претставувале мошне важен дел од манастирскиот имот, бидејќи на манастирот му носеле многу приходи.

Покрај тоа, манастирот Трескавец бил сопственик и на делови од реки(води), но исто така и на бразди,[58] кои биле користени за наводнување, главно, на површините под земјоделски и градинарски култури (ниви, бавчи, градини).

Во составот на имотите на манастирот Трескавец надвор од Пелагонија влегувале и три цркви, во Хоморани, во Крпен(о) и во Охрид, заедно со своите имоти, а исто така и еден рудник во Порече (Манастирец). Сето тоа, во голема мера, придонесувало за растежот на манастирското стопанство и за зголемувањето и јакнењето на економската моќ на манастирот Трескавец

[58] Се смета дека името "бразда"било вообичаено, особено, за Тетовската област. Сп. М. Благојевиќ, Земљорадња, 187, бел. 24.

Kosta ADŽIEVSKI

# THE PROPERTIES OF THE MONASTERY TRESKAVEC OUTSIDE OF PELAGONIA (IDENTIFICATION AND LOCATION)

(Summary)

Pelagonia monastery of Virgin Mary - Treskavec is one of the most known monastery in Macedonia. Its rapid rising began in the first half of XIV century, during the rule of the serbian king Stefan Dušan who nad given to the monastery a lot of properties, mainly, in the western part of Macedonia. The greatest part of the properties had been situated in Pelagonia. Besides Pelagonia, the monastery Treskavec possessed properties in the neighbouring and in the remote regions - Prespa, Veles, Porece, Demir Hisar, Polog, Ohrid and Raec. In those regions the monastery possessed seven villges with numerous properties of different character. Monastery properties outside of Pelagonia had been consisted mainly of fields orchards, vineyards, forests, plains, fish hunting-ground, mills, parts of rivers, one mine and three churchers with properties.

All of these properties together with those in Pelagonia had turned the monastery Treskavec into one of the largest and the richest in Macedonia in the mid of the XIV c.